**20252214335**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 27 став (1) алинеја 5 од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија” бр. 140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19, 87/23, 148/25 и 160/25), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПРОБНИТЕ ТАБЛИЦИ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА РЕГИСТАРСКИТЕ ТАБЛИЦИ И НА ПРОБНИТЕ ТАБЛИЦИ НА ВОЗИЛАТА, КАКО И НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА НИВНО ИЗДАВАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за издавање на пробните таблици, формата и содржината на регистарските таблици и на пробните таблици на возилата, како и начинот и постапката на нивно издавање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.293/20, 114/23, 26/24, 33/24, 219/24 и 19/25), во член 4-а по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Одредбите од ставот (1) на овој член, не се однесуваат на возилата за превоз на претседателот на Република Северна Македонија, претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, претседателот на Влада на Република Северна Македонија, членовите на Владата, потпретседателите на Собранието на Република Северна Македонија, генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија и странските делегации и други возила од возниот парк со кои се врши превоз, согласно Уредбата за условите и начинот на користење на услугите што ги врши Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, претседателот на Уставниот суд на Република Северна Македонија, претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија, државниот јавен обвинител, гувернерот на Народна Банка на Република Северна Македонија и возила на Поглаварот на Македонската Православна Црква, Поглаварот на Исламската Верска Заедница, Поглаварот на Католичката Црква, возилата на Министерството за внатрешни работи, Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија, Агенцијата за разузнавање, Министерството за финансии-Управата за финансиска полиција, Министерството за финансии-Управата за финансиско разузнавање и останатите возила кои се видливо обележани за вршење на специјална намена, како и возила на органите кои водат истраги и вршат вонреден инспекциски надзор, определени од страна на функционерот, односно раководното лице на државниот орган.“

Ставовите (2), (3) и (4) стануваат ставови (3), (4) и (5).

Во став (5) кој станува став (6) бројот „(4)“ се заменува со бројот „(5)“.

Ставот (6) станува став (7).

Во став (7) кој станува став (8) бројот „(6)“ се заменува со бројот „(7)“.

Ставовите (8) и (9) стануваат ставови (9) и (10).

Во став (10) кој станува став (11) бројот „(9)“ се заменува со бројот „(10)“.

Ставовите (11), (12) и (13) стануваат ставови (12), (13) и (14).

Во став (14) кој станува став (15) бројот „(13)“ се заменува со бројот „(14)“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 13.1-113651/1 | Министер |
| 29 октомври 2025 година | за внатрешни работи, |
| Скопје | **Панче Тошковски,** с.р. |